# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за реализирани активности по програмата на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации во 2025 година

Соработката на Општина Крива Паланка со граѓанскиот сектор и локалните граѓански организации во континуитет продолжи и во 2025 година на различни полиња и во различи облици на воспоставување на соработка, што општината веќе ги има востановено во изминатите неколку години. Пристапот, начинот на соработка, воспоставените процедури и постапки, како и транспарентноста во распределбата на средства ја етаблира општината да биде препознаена како една од најтранспарентните во државата, не само по начинот на воспоставување на соработка, туку и по сериозниот износ на средства, издвоени за поддршка на граѓанскиот сектор. Од тој аспект значајно е да се напомене дека и во 2025 година, општината продолжи со поддршка на локалните здруженија за имплементација на нивни програми, проекти и активности, поврзани со потребите на нивните програми, но пред се водени од интересот на локалната заедница и на општината.

Во изминатите неколку години, општината редовно објавуваше јавни повици за финансирање на локални здруженија на граѓани и граѓански организации, преку кои доделуваа финансиски средства од буџетот на општината за имплементација на проекти и активности, за кои сметаше дека се од интерес на локалната заедница. Постојано се работеше на зајакнување на капацитетот на локалните граѓански организации за управување со проектниот циклус, а со грант на УНДП во рамки на Програмата РЕЛОАД 2, општината ја разработи и со одлука на совет ја востанови ЛОД методологијата, која се применуваше при аплицирање и имплементација на проекти од граѓанскиот сектор. Како награда за успешна имплементација на РЕЛОАД 2, претставник на општината беше и панелист на завршниот настан на програмата во Скопје, во присуство на претставници на УНДП и Делегација на Европската Комисија како позитивно имплементиран проект и позитивно востановена пракса.

Поради специфичноста на секоја од граѓанските здруженија и начинот на нивно организирање, функционирање и поле на делување, од пред две години беше општината почна да објавува посебни јавни повици за финансирање на активности и програми на здруженија, согласно утврдените приоритети на општината. Поради тоа, развојот на спортот и културата на локално ниво, со посебен акцент на иницирање на младинското учество, беа утврдени како врвни приоритети за наредниот период.

Врз основа на тоа, финансирањето и поддршката на локалните граѓански организации беше со акцент на понатамошно унапредување и развој на локалните спортски и културни здруженија на граѓани и беше одлучено да се објават јавни повици, преку кои ќе се поддржат локалните спортски клубови, со финансирање на нивните развојни цели и програми во 2025 година, како и локалните граѓански организации, кои ќе промовираат унапредување на културата, но и збогатување на програмата за култура и културната понуда за 2025 година. Особено беше значајно да се поддржи



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

континуитетот и тенденцијата на понатамошен развој на културата и културните настани и нивно ставање во функција на локалниот развој, поттикнати од наградата на Министерството за култура и туризам за Град на културата за 2024 година и поставените високи стандарди за унапредување на културата. Културата беше препознаена како врвен приоритет на општината за 2025 година и поради тоа имаше висок процент на реализација во буџетот на општината.

Од областа на културата, во 2025 година, по основ на јавен повик, распределени се вкупно 580.000,00 денари од Буџетот на Општина Крива Паланка, на локални здруженија на граѓани од областа на културата, кои поднеле апликации на јавниот повик, не сметајќи ја поддршката на Фондацијата со срце за Крива Паланка.

Преку јавно објавен повик за финансирање на идеи и активности од областа на спортот, кои се од јавен интерес и од посебен интерес на локалната заедница, беа распределени вкупно 1.700.000,00 денари, средства од Буџетот на општината, за имплементирање на активности од програмите на речиси сите активни спортски и здруженија од областа на спортот, кои поднесоа барање со предлог-активности по основ на јавните повици. Оваа активност беше инкорпорирана во делот на Програмата за спорт за 2025 година и од Буџетот на општината за поддршка на локалните спортски клубови и здруженија граѓани.

Граѓанските организации и здруженија беа активен чинител и партнер во процесот на креирање на општинскиот буџет и политика и во 2025 година, преку директно учество во буџетскиот форум, што беше реализиран во периодот октомври-ноември, врз основа на кој општината креираше граѓански буџет, со инкорпорирани идеи и предлози од граѓанскиот сектор.

Од друга страна општината имаше сериозна задача да имплементира неколку проекти од ИПА Програмата за прекугранична соработка со Бугарија и Србија, за кои освен ангажман на вработени од одделението за локален економски развој и евроинтеграции, за што имаше потреба од резервирање на сериозен износ на средства во својот буџет, согласно правила и динамиката на програмите, кои дополнително го оптоваруваа општинскиот буџет.

Општина Крива Паланка, во текот на 2025 година ги помагаше локалните здруженија на граѓани со обезбедување на просторни услови за нивно функционирање, (канцеларии, сали за состаноци, опрема за настани), превозно средство за учество на настани, итн.

Врз основа на сето горенаведено, општината во 2025 година, сметаше дека преку јавните повици за поддршка и финансирање на граѓанските организации за активности од областа на спортот и културата како приоретни области од интерес на општината се обезбедени доволно буџетски средства за локалните организации и донесе одлука да не распишува посебен јавен повик за финансиска поддршка на граѓанските организации во 2025 година, со обврска таков повик за граѓанските



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

организации за активности со приоритет различен од спортот и културата да биде распишан во 2026 година, како што е предвидено со Програмата за соработка со граѓанскиот сектор за 2026 година, за што се предвидени и средства во Буџетот на општината.

Одделение за локален економски развој и евроинтеграции
Р а к о в о д и т е л ,


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка